**З А П И С Н И К**
**од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 17.11.2017 година**

**Скопје, ноември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.11.2017 година**

Седницата започна во 17:30 часот.

На седницата претседаваше Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваше и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, Билен Саљији, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и

администрација и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

2. Предлог-закон за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка

3. Предлог-закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка

4. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за формирање работна група за изготвување и следење на имплементацијата на Планот за реализација на препораките на група високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015)

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Информација во врска со формирање на Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе со склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Македонија во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и ја утврди со следните заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-одлуката, да се изврши измена на структурата на прераспределбата на средства во делот на Министерството за одбрана.

2. Пречистениот текст на Предлог-одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите да се достави до Собранието, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за здравственото осигурување, го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство и Анка Георгиевска, раководител на сектор во Министерството за здравство.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање работна група за изготвување и следење на имплементацијата на Планот за реализација на препораките на група високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015), во предложениот текст.

**Точка 5**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 6**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 7**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со формирање на Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе со склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Македонија во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |